# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 9 | Понеделник, 26 јуни 2023 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

### Градоначалник на Општина Струмица:


**Рег.бр.** Стр.

**209. Решение** за избор на директор на СОУ „Никола Карев”- Струмица.............................. **2**

**210. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 24-та седница на Советот на општина Струмица ........................................................................................ **2**


### Совет на Општина Струмица:


**Рег.бр** **Стр.** **Рег.бр.**
**Стр.**

**211.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат за КП 3040/2 во КО Дабиље.................................................. **3**

**212.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр. 4658, КО Струмица.................**4**

**213.Одлука** за давање финансиска помош на Општина Делчево по поплавите предизвикани од невремето.................. **4**

**214.Одлука** за усогласување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите..... ..........**4**

**215.Решение** за именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈПКД,,Комуналец“Струмица....................**5**

**216. Решение** за разрешување и именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“Струмица...............................**5**

**217.Решение** за разрешување и именување на вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмиц...................................................**6**

**218.Заклучок** за недавање согласност на Статутот на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица ................................................**6**

**219.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година......................................................**6**

**220.Заклучок** за давање согласност на Правилникот за измена дополнување на Правилникот за начинот и условите на паркирање, времетраењето на

паркирањето односно неговото ограничување и означувањето на јавните паркиралишта од значење на Општина Струмица..................................................**7**
**221.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица ................................................**7**
**222.Заклучок** за недонесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година........................................**7**

.................................................................................................

**209.**

Врз основа на член 91 став 11 и 92-а став 12 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/2020), и член 39 став 1 алинеја 15 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), а во врска со одлуката за предлог на еден кандидат за избор на директор на училиштето, доставена од Училишниот одбор на СОУ „Никола Карев“-Струмица со архивски број 09-463/1 од 05.06.2023 година, Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Решение**
**за избор на директор на СОУ „Никола Карев“- Струмица**

1.За директор на СОУ „Никола Карев“, општина Струмица се избира Зоран Петков, дипломиран машински инженер.

2.Мандатот на директорот трае четири години, започнувајќи од 09.06.2023 година.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

**Образложение**

По завршувањето на постапката за избор на директор, врз основа на објавениот јавен оглас на ден 20.05.2023 година, Училишниот одбор на СОУ „Никола Карев“-Струмица достави одлука за предлог на еден кандидат за избор на директор на училиштето, во која за директор на СОУ „Никола Карев“-Струмица се предлага Зоран Петков, дипломиран машински инженер.

Согласно член 91 став 11 од Законот за средното образование, каде е одредено дека „Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон“ и член се донесе решение како во диспозитивот и член 92-а став 12, каде е одредено дека „Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор“, Градоначалникот на општина Струмица донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: по добивањето на ова решение, може да се поднесе жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-5364/1 Општина Струмица
22.06.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р

.......................................

**210.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 24-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 24-та седница на Советот на

1. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат за КП 3040/2 во КО Дабиља;
2. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр.4658, КО Струмица;
3. Одлука за давање финансиска помош на Општина Делчево по поплавите предизвикани од невремето;
4. Одлука за усогласување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;
5. Решение за именување на вршител на должност член на управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Струмица;
6. Решение за разрешување и именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица;
7. Решение за разрешување и именување на вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица;
8. Заклучок за недавање согласност на Статутот на Јавното сообраќајно претпријатие „Струмица - Транспорт“ Струмица;
9. Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година;
10. Заклучок за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот и условите на паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување и означувањето на јавните паркиралишта од значење на Општина Струмица;
11. Заклучок за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица
12. Заклучок за недонесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-5369/2 Општина Струмица
23.06.2023 Градоначаник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

..........................................................................................

**211.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат за КП 3040/2 во КО Дабиља**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за бесправни објекти СТАНБЕНА КУЌА, со висина П (приземје) – зграда број 1 изграден на КП бр.3040/2 во КО Дабиља, запишан на имотен лист бр.801, КО Дабиља и ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, со висина П (приземје) – зграда број 2 изграден на КП бр. 3040/2 во КО Дабиља, на барателот Ѓорѓиева Мица од Струмица ул.„Иљо Шопов„ број 33/12.

Бесправниот објект кој се наоѓа на КП бр. 3040/2 во КО Дабиља, запишан во Имотен лист бр. 801, а согласно УПС за Село Дабиља (Одлука бр.07-529/1 од 06.06.2003 год. и одлука за преименување бр. 07-774/1 од 31.01.2013 год.), се наоѓа надвор од планскиот опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5357/1 Совет на општина Струмица
20.06.2023 год Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**212.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр. 4658, КО Струмица**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ - Б1-17 (зграда бр.1) со висина П (приземје), кој се наоѓа на дел од КП бр. 4658, КО Струмица, во сопственост на Република Северна Македонија.

Според Генерален урбанистички план на Град Струмица донесен во 2006 год., објектот ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ - Б1-17 (зграда бр.1) со висина П (приземје), кој се наоѓа на дел од КП бр. 4658, КО Струмица, во сопственост на Република Северна Македонија, се наоѓа во зона со намена 33 - Заштитно зеленило, а согласно Детален урбанистички план за Блок бр.15 донесен во 1987 год. мал дел од објектот се наоѓа на инфрастуктура.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5358/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**213.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање финансиска помош на Општина Делчево по поплавите предизвикани од невремето**

**Член 1**
Општина Струмица, како израз на солидарност кон штетата предизвикана од поплавите во Општина Делчево, дава парична помош во вкупен износ од 300.000,00 денари, кои ќе бидат уплатени на сметка на Општина Делчево.

**Член 2**
Паричните средства од член 1 од оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Струмица за 2023 година.

**Член 3**
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5359/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**214.**

Врз основа на член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21), член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за усогласување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите**

**Член 1**

Се задолжува администрацијата на Општина Струмица да ја усогласи Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21).

**Член 2**

Усогласувањето опишано во член 1 од оваа Одлука треба да се изврши во рок од триесет дена од денот на влегувањето во сила и да се достави до Советот на општина Струмица за донесување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5360/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

**215.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе:

**Решение**
**за именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈПКД ,,Комуналец“ Струмица**

1. За вршител на должност член на Управниот одбор на ЈПКД ,,Комуналец“ Струмица, се именува:

   - Митко Бујуклиев.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5361/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

**216.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе:

**Решение**
**за разрешување и именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица**

1. Од функцијата вршител на должност член на Управниот одбор на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица се разрешува Теодора Ѓоргиева, по сопствено барање.

2. За вршител на должност член на Управниот одбор на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица се именува:
   - Елица Ангелова

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5362/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

**217.**

Врз основа на член 17-ѓ и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96,

9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе:

**Решение**
**за разрешување и именување на вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица**

1.Од функцијата вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица се разрешуваат Томислав Андреев и Софче Дончева, по сопствено барање.

2.За вршители на должност членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица се именуваат Панче Беџовски и Борис Пројков

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Струмица.

Бр.08-5363/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

## 218.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) и член 187 од Деловникот на Советот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 2/06 и 10/07), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за недавање согласност на Статутот на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица**

1. Не се дава согласност на Статутот на ЈПЗБК „Струмица – Транспорт“ Струмица бр. 01-2/1 од 14.06.2023 година, донесен од Управниот одбор на ова претпријатие.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5364/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

## 219.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, бр. 01-507/1 од 13.06.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5365/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**220.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот и условите на паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување и означувањето на јавните паркиралишта од значење на Општина Струмица**

1. Се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот и условите на паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување и означувањето на јавните паркиралишта од значење на Општина Струмица бр. 02-506/6 од 22.06.2023 година, донесен од Управниот одбор на ова претпријатие.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5366/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**221.**

Врз основа на член 11 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица**

1.Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица број 02-135/1 од 25.05.2023 година, донесена од Управниот одбор.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5367/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................

**222.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 21.06.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за недонесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година**

1. Не се донесува Програмата за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Струмица за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5368/1 Совет на општина Струмица
22.06.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
........................................